Врз основа на член 36 став 1 точка 10, како и член 62 став 1 од Законот за локална самоуправа, Советот на Општина Свети Николе на седницата одржана на ден 31.10.2008 година донесе:

# ОДЛУКА
## за утврдување на критериуми за доделување средства за финансирање на здруженија на граѓани и фондации

### Член1

Со оваа Одлука се утврдуваат критериумите и постапката за доделување на средства за финансирање на здруженија на граѓани и фондации од Општина Свети Николе.

### Член 2

Постапката ќе се врши со објавување на Повик за доделување на финансиски средства за здруженијата на граѓани и фондации преку локалните јавни медиуми.

### Член3

Одредувањето на висината на средствата и нивно доделување на здруженија на граѓани и фондации, како и за одржување на заеднички активности, ќе се врши согласно со следните критериуми:

- рокот на регистрација да не е пократок од шест месеци од денот на поднесување на барањето за доделување на средства за финансирање;
- задолжително доставување на комплетна и соодветна документација за извршена регистрација и Статут согласно позитивните законски прописи;
- поднесување на годишна програма за работа;
- поднесување на наративен и финансиски извештај за последните две години;
- листа на реализирани проекти домашни и меѓународни и заеднички проекти со општината
- пополнет формулар за аплицирање

### Член 4

Потребната документација ке се доставува до Одделението за финансирање, буџет, администрирање со даноци и локален економски развој.

**Член 5**

Износот на средствата што ќе се доделуваат, ќе се утврдува на предлог од Комисијата за финансии и локален економски развој и средствата ќе се обезбедат од буџетот на Општина Свети Николе.

**Член 6**

За добиените финансиски средства од општина Свети Николе, здруженијата на граѓани и фондации се должни да доставaт комплетен годишен извештај до Советот на општината

**Член 7**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од објавувањето во "Службен гласник на Општина Свети Николе".

**Бр. 0701 - 686**
**31.10. 2008 година**
**Свети Николе**

**Претседател,**
**на Советот на Општина Свети Николе**
**Фрањо Шкорвага**